Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-11/2
__________ година
06-02-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 690 од 29.12.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол и етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 3.2.2022 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-690 од 29.12.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол и етничка припадност во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 29.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол и етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Од причина што претставката не содржеше доволно факти и околности во врска со наводите изнесени во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.12.2022 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе дополнителни факти и околности, како и докази кои ги поткрепуваат изнесените наводи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

[redacted] не достави поднесок за доуредување на претставката во предвидениот законски рок од 8 дена. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
6.2.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]